РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 07.-06-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | -770 | | |

( Образец ПП……)

**До: Општина**

**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

[redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали општината има воспоставено собирни места за отпаден текстил и отпадни гуми, или склучено договор со друга општина за заедничи собирен центар, согласно Законот за управување со дополнителни текови на отпад?
2. Дали општинските инспектори за животна средина досега имаат извршено инспекциски надзор, согласно овој закон?
3. Доколку има извршено инспекциски надзор кои мерки се изречени?
4. Дали општината има превземено мерки за информирање на граѓаните и правните субјекти за обврските од законот и ако да, кои?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

[redacted]

**Во Штип, 27.5.2024 година .**

(доколку барање [redacted] рма)

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561 / Bul. Goce Dellçev nr.18 Shkup F.P.561 / Blvd. Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561
тел./tel/phone:+389 2 3127 453; +389 2 3118 038/ факс/faks/fax:+389 3114 695
Web: http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Кирил Мицевски
Раководител на Општински инспекторат

Бр.11-70/2
07.06.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-70/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

______________________

Емилија Илиевска

______________________

Примил 8
07.06.2024

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
СЕКТОР - ОПШТИНСКИ ИНСПЕКТОРАТ

Бр. 52-82
01.07.2024

До
Емилија Илиевска и Евгенија Чукалева
Сектор за правно-нормативни, административни и општи рработи
Одделение за административни и општи работи

Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Врска: Ваш Бр. 11-70/2 од 07.06.2024

1. Општина Битола нема воспоставено собирни места за отпаден текстил и отпадни гуми и нема склучено договор со друга општина за заеднички собирен центар, согласно Законот за управување со дополнителни текови на отпад. Отпаден текстил може да се депонира во депонија Мегленци, отпадното масло и отпадните гуми може да се предаваат на овластени субјекти .
2. Овластениот инспектор за животна средина до сега нема извршено инспекциски надзор конкретно по Законот за управување со дополнителни текови на отпад, но за постапувањето со дополнителните текови на отпад - отпадно масло и отпадни гуми, врши редовен надзор во автосервисите согласно Законот за животна средина и Законот за управување со отпад.
3. При редовен или вонреден инспекциски надзор во автосервисите се врши увид дали субјектот постапува соодветно со отпадното масло и отпадните гуми, односно дали при времено то складирање на отпадот се превземаат мерки за безбедно складирање, дали субјектот има склучено договор со овластен субјект за предавање на опасен отпад и дали за предадениот опасен отпад има идентификациони и транспортни формулари. Доколку при надзорот се утврди неправилност со решение субјектот се задолжува да ги отстрани неправилностите, а ако во дадениот рок не се постапи по задолжувањето се превземаат прекршочни санкции.

Примил: [signature]
02.07.2024

Јулијана Ивановска
Овластен инспектор за животна средина

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**

**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-70/4
02.07.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **07.06.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето н[redacted]по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-70** од **07.06.2024 година**, каде бара дали општината има воспоставени собирни места за отпаден текстил.. (детален опис во прилог на Решението).

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted]поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-70 на ден 07.06.2024 година. Во барањето наведе дека бара иноформација дали општината има воспоставени собирни места за отпаден текстил..

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-70/1 од -07.06.2024 година
2. Допис до Раководител на Општински инспекторат со бр. 11-70/2 од 07.06.2024 година
3. Одговор од Раководител Општински инспекторат со бр. 11-70/3 од 02.07.2024 година

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 02.07.2024 година, под бр. 11-70/4

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Евгенија Чукалева**

______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА •